Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневни настани 06.11.2024

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, поднесе кривична пријава против А.М.(45) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластувања" по член 353 од Кривичниот законик. Пријавениот, вработен во МВР на работното место началник на Отсекот за криминалистичко разузнавање, статистика и документирање во ОВР Кочани - СВР Штип, на 11.07.2024 во неколку наврати со неговото приватно возило го поминал наплатните станици Кадрифаково и Преод без да плати поединечен билет за патарина, односно на вработените во кабината им ја покажувал службената легитимација и ги поминувал наплатните станици. Во врска со настанот, од Јавното претпријатие „Државни патишта" доставен е видео материјал од безбедносните камери на наведените наплатни станици на кои се гледа како пријавениот ја покажува службената легитимација. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до Одделот за дисциплински и судски постапки против А.М. ќе поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за кршење на работната дисциплина и ќе биде отстранет од работното место до завршување на постапката.

ОВР Кавадарци, до Основно јавно обвинителство Кавадарци, поднесе кривична пријава против 41-годишната С.В, Н.В.(43) и Р.В.24), сите од Кавадарци, поради постоење основи на сомнеење дека сторите кривично дело „кражба" по член 235 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот законик и против З.К.(64) од Кавадарци поради постоење основи на сомнеење дека сторил кривично дело по член 235 став 1 во врска со член 23 до Кривичниот законик. На 14.09.2024, полициски службеници од ОВР Кавадарци ги затекнале С.В., Н.В. и Р.В. како бераат грозје од лозов насад во месноста Ѓорѓо Козарски, кавадречко, сопственост на 54-годишната Л.Р. од Кавадарци. Притоа, во возило комби „ѓопа" со кавадречки регистарски ознаки, паркирано покрај насадот, и во редовите од насадот биле пронајдени 11 вреќи полни со грозје со вкупна тежина од околу 300 килограми. З.К. го сторил делото на тој начин што го поттикнал Н.В. да го извреши. Имено, тие се сретнале на 13.09.2024 во вечерните часови се сретнале, при што му рекол да оди на тој лозов насад и да го обере грозјето.

На 05.11.2024 во 22.15 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода М.Т.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.11.2024 во 21.50 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода П.Ѓ.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.11.2024 во 16.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје, го лишиле од слобода Ф.И.(26) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 06.11.2024 во 02.10 часот на улица „Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Г.Ф.(21) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

На 05.11.2024 во 14.40 часот, полициски службеници од СВР Велес го привеле Р.А. од Велес, кој бил баран со наредба од Основен суд Велес за издржување на затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено - поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 05.11.2024 во 16.40 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода З.Ф.(30) од Копаница, скопско, затоа што при пасошка контрола и проверка во оперативната евиденција било констатирано дека возачката дозвола што ја дал на увид била фалсификувана. По насока на Јавен обвинител, возачката дозвола му е одземена, а тој бил предаден во Одделението за прекуграничен криминал миграции странци и реадмисија Куманово за понатамошна постапка.

На 05.11.2024 во 07.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на сервисна улица во кругот на АСУЦ „Боро Петрушевски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген поло" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.К. (51) од Скопје и мопед „априлиа" со скопски регистарски ознаки, управуван од Ј.Љ.(60) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.11.2024 во 08.15 часот во Полициската станица Делчево било пријавено дека кај место викано „Тулупчка мала" кај с.Бигла, делчевско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со делчевски регистарски ознаки, управувано од Н.И.(25) од с.Бигла, делчевско и патничко возило „ки" со штипски регистарски ознаки, управувано од П.Л. (73) од Делчево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил П.Л., а со телесни повреди се здобила Н.И., констатирани во здравствена установа. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Делчево.

На 05.11.2024 во 19.45 часот во Полициската станица Драчево, Б.С.(36) од с.Рамни Габер, општина Студеничани, пријавил дека на ул.„Студеничанска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 05.11.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Центар, Д.П.(39) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Центар во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 06.11.2024 околу 06.30 часот на брегот на Охридското езеро во близина на Охрид, полициски службеници од Полициската станица за гранично надзор Охридско-Струшка го лишиле од слобода З.В.(62) и М.П.(43), двајата од Охрид. Претходно, тие биле забележани како пловат со кајче во водите на езерото, а откако го извлекле кајчето од езерото од него извадиле три пластични корита со мреži и риба со тежина од околу 14 килограми. Притоа, тие се обиделе да побегнат на полициските службеници, но набрзо биле фатени и приведени во полициска станица. Уловот, кајчето и мрежите биле одземени и за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот, против них ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.11.2024 во 21.00 часот на регионалниот на Прилеп – Градско, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода К.К.(24), С.Т.(21) и Е.Т.(34), сите од с.Ваташа, кавадречко, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Н.О.(51) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправна градба". На катастарска парцела во струшкото село Мислешево, пријавениот без соодветна документација и спротивно на Законот за градење, изградил дограда на објект за домување. Од извршениот инспекциски надзор извршен од страна на градежна инспекција при општина Струга донесено е решение со кое на инвеститорот му се наредува да ги отстрани утврдените неправилности.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Е.М.(20) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При контрола на патничко возило „фолксваген поло" со струшки регистарски ознаки, со кое се превезувал, полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа метамфетамин.

На 05.11.2024 во 13.15 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Л.(31) од с.Арачиново, скопско, поставувајќи по тродневна предмет пријава дека на 04.11.2024 околу 10.00 часот се заканувал на А.Х.(47) од истото село и неговото семејство. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.11.2024 во 12.00 часот во СВР Скопје, Ф.А.(49) од с.Арачиново, скопско, пријавила дека на 01.11.2024 околу 15.15 часот на подрачјето на општина Аеродром на Скопје, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 05.11.2024 во 13.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 01.11.2024 околу 19.30 часот во казино на подрачјето на Центар во Скопје, Г.Г.(77) од Скопје бил физички нападнат од работени во обезбедување во казиното. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

На 05.11.2024 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, во автобус на приватен автопревозник од Гостивар, по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ш.Н.(50) и С.Г.(44), двајата од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.11.2024 во 19.49 часот во СВР Скопје, М.Л.(23) од Скопје пријавил дека на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од С.Н.(27) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2024 во 22.00 часот во СВР Скопје, С.М.(22) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека на подрачјето на општина Аеродром бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2024 во 20.00 часот во СВР Скопје, 27-годишна жена од скопско село пријавила дека околу 18.20 часот во селото била физички нападната од нејзиниот поранешен партнер З.Н.(39) од Велес. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2024 во 23.15 часот во СВР Скопје, 40-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 14.30 часот во семејниот дом на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот сопруг И.А.(50) од Скопје, кој и се заканил и со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2024 во 14.00 часот во Полициската канцеларија Пехчево, С.М.(46) од село Робово, пехчевско, пријавила дека на 03.11.2024 околу 01.00 часот во и пред угостителски објект во Пехчево, нејзиниот малолетен син и неговиот дајџа другари биле физички нападнати од А.М. од Пехчево, кој употребил и стаклен предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.11.2024 во Полициската станица Пробиштип бил извршен службен разговор со 67-годишен маж од Пробиштип, кој на 02.11.2024 околу 07.10 часот пријавил дека во семејниот дом во Пробиштип бил физички нападнат од неговиот син Љ.М.(39), кој употребил и тврд предмет. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Д.К.(46) од Струмица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и стебло од растението канабис.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Б.(51) и Н.Н.(50), двајата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување општа опасност". На 17.08.2024, преопријавениот, по насоки на второпријавениот, во дворот на викенд куќа запалил шпорет со дрва и отпадни гранки, при што неколку жарчиња излегле и предизвикале пожар на дрва и трева.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против правен субјект од Струмица и Ј.В.(64) од Струмица, управител во правниот субјект, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавеното правно лице, како даночен обврзник и второпријавената како управител, во текот на 2020 не платиле данок на додадена вредност во вкупен износ од 446.666 денари и данок на личен доход во вкупен износ од 325.336 денари, со цел го оштетиле Буџетот на Република Северна Македонија со вкупен износ од 772.002 денари.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Л.Т.(60) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „примање поткуп". Пријавената, овластен градежен инспектор во општина Куманово, на 01.11.2024 во угостителски објект во Куманово била затекната како прима поткуп. Имено, на 25.09.2024 граѓани во СВР Куманово пријавиле дека овластениот градежен инспектор Л.Т. при општина Куманово, која вршела контрола на објект во изградба кој оштетеност го градел и на кој пријавената при контролата на записник констатирала отстапување од одобрението за градење, а за да не му издаде решение за запирање со градење и да не му поднесе соодветна пријава до надлежно ОЈО или суд му побарала поткуп најнизо сума од 1500 евра, за да на 31.10.2024 ја покачи сумата за поткуп на 4000 евра.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.М.(27) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". На 02.06.2024 на ул.„Гоце Делчев" во Кратово, пријавениот поставил лимена гаража без да обезбеди одобрение за градба издадена од надлежен орган.

Надворешната канцеларија за криминалистички истраги Гостивар поднесе кривична пријава против Е.К.(47) од Гостивар, две градежни фирми од Гостивар, И.М. (44) од с.Требиште, управител на едната фирма и С.Л.(44) од Гостивар, управител на другото правно лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во март 2024 година, на ул.„Мара Угринска" во Гостивар, на парцела сопственост на Е.К., пријавените започнале изградба на објект без да поседуваат одобрение за градба. Преопријавениот го епопонокотил пријавените И.М. и С.Л. во негово име и во негово отсуство да поднесат барање за добивање на одобрение за градење на станбена зграда, но тие без да се стекнат со одобрение за градење во текот на март започнале со градба на зградата.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет